**О П Ш Т И Н А   Д Е Л Ч Е В О**
**Градоначалник**
**Ул:,,М.М.Брицо,, бр. 40, Делчево**
**тел: 033/413-521    факс: 033/411 550**
**E-mail:opde@sonet.com.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Број 9**
**24.11.2011 година**

**Службен гласник на Општина Делчево**
**Излегува по потреба**

**Гласникот е бесплатен**

**Уредува**

**Одделение за човечки ресурси, правни и општи работи**

**Ноември, 2011**
**Делчево**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 24.11.2011 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување акти од 28.седница**
**на Советот на Општина Делчево**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево" актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на својата 28.редовна седница која се одржа на ден 23.11.2011 година и тоа:

1. Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за квартал 3;

2. Одлука за комунален ред на подрачјето на општина Делчево;

3. Одлука за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат на универзитети надвор од РМ;

4. Одлука за исплата на парична помош;

5. Локален акционен план за родова рамноправност и недискриминација на Општина Делчево за 2012 година;

6. Одлука за давање согласност на Одлуката на УО на ЈПКД „Брегалница" бр.0202-79/2 од 12.03.2011 година

II. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 08-2359/1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**24.11.2011 год.** **Градоначалник,**
**Д е л ч е в о** **Горан Малешевски, с.р.**

1.
Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ( „Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 28.редовна седница, одржана на ден 23.11. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Кварталниот извештај**
**за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево**
**за квартал 3**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за квартал 3, т.е. за периодот од 01.01.2011 година до 31.10.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-2388/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.11.2011 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Николче Трајановски, с.р.**

2.
Врз основа на член 7 од Законот за комунални дејности („Сл.в.на РМ" 45/97 и 45/02) и член 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл. гл.бр.12/2006), Советот на Општина Делчево на својата 28.редовна седница одржана на ден 23.11.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**

**За комунален ред на Општина Делчево**
**и мерки за нејзино спроведување**

I,**ОСНОВНИ ОДРЕДБИ**

Член 1

Со оваа Одлука се уредуваат односите и начинот на вршење на комуналните дејности меѓу давателите и корисниците на услугите на подрачјето на општина Делчево и мерките за нејзиното спроведување.

Член 2

Под комунален ред во смисла на оваа одлука се подразбира поблиско уредување на односите и начинот на вршење на комуналните дејности меѓу давателите на услугите и тоа:
1.Снабдување со вода за пиење

2.Одведување и прочистување на отпадни води
3.Одведување и испуштање на атмосферски води
4.Јавен градски и приградски превоз
5.Обработка и депонирање на комунален цврст отпад
6,Депонирање на технолошки отпад
7.Депонирање на инертен отпад
8.Одржување на јавна чистота во општината
9.Одржување на паркови,зеленило и рекреативни површини
10.Одржување на сообраќајна сигнализација
11.Одржување на гробови,гробишта и давање на погребални услуги
12.Одржување на јавно осветлување
13.Одржување на јавен простор за паркирање
14.Одржување и користење на зелен пазар
15.Вршење на оџачарски услуги
16.Отсранување на хаварисани возила,земјоделски машини и приклучни уреди.
17.Ерадикација на животни скитници
18.Украсување на населени места
19.Одржување на јавни санитарни јазли
20.Аерозапрашување,дезинфекција,дезинсекција и дератизација
21.Отстранување и чувањена крупна и ситна стока и живина во урбани средини.
22.Сечење и складирање на огревно дрво и градежни материјали на јавни површини
23.Одржување на споменици,спомен плочи,скулптури,реклами и друга урбана опрема.

Член 3

Јавни површини во смисла на оваа Одлука се:
-сообраќајни површини (улици, коловози, тротоари, пешачки и велосипедски патеки,паркиралишта,плоштади,шеталишта, мостови и такси стојалишта.
-Јавни зелени површини (паркови, парк - шуми,дрвореди,детски игралишта и сл.

Член 4

Комуналните дејности од член 2 на оваа одлука можат да ги вршат јавните претпријатија основани од општина Делчево,како и други домашни и странски физички и правни лица овластени од општината согласно закон (во понатамошниот текст - даватели на услуги).

Давателите на услуги се должни да обезбедат трајно и квалитетно вршење на комуналните дејности.

Корисниците на услугите во смисла на оваа Одлука се сите домашни и странски физички и правни лица кои ги користат услугите.
Корисниците на услугите се должни да се придржуваат на одредбите на оваа Одлука заради непречено и функционално вршење на овие дејности кои се од јавен инетерес.

**Снабдување со вода за пиење**

Член 5

Под поимот снабдување со вода за пиење се подразбира: зафаќање,обработка и дистрибуција на водата преку водоснабдителен систем до водомерниот инструмент на корисникот.

Вода за пиење е секоја вода во својата првобитна состојба или по третман,наменета за консумирање од страна на човекот,готвење и подготовка на

храна,без оглед на тоа од каде потекнува и дали се снабдува од водоснабдителен систем или цистерни.

Водоснабдителен систем е збир на хидротехнички објекти и тоа: водозафат(површински или подземен),резервоар,објект за обработка на вода(пречистување и хлорирање-озонирање) главен довод,улична водоводна мрежа,водоводни вентилни шахти,и приклучок до водомерниот инструмент на корисникот.

Водомерната шахта е објект на корисникот на услугата во која се поставува мерниот инструмент .

Член 6

Снабдувањето со вода за пиење е од јавен интерес.

Член 7

Давателот на услугата го врши одржувањето на водоснабдителниот систем до мерниот инструмент на корисникот. Одржувањето на водоснабдителниот систем од уличниот приклучок до водомерниот инструмент (вклучувајќи го и истиот) го врши давателот на услугата на товар на корисникот на услугата.

Давателот на услугата утврдува надоместок за приклучување на корисникот на водоснабдителниот систем. Согласност за износот на надоместокот дава основачот,односно Советот на општина Делчево.

Член 8

Давателот на услугата е должен :

На корисниците на услугата да им обезбеди трајно и непрекинато снабдување со здравствено исправна и чиста вода за пиење.

По исклучок од ставот 1 на овој член ако дојде до нарушување или прекин во давањето на услугата(поради виша сила хаварии,недоволна периодична издашност на захватите, здравствена неисправност,давателот на услугата е должен да ги информира корисниците на услугата за настанатите нарушувања или прекин во давањето на услугата согласно закон.

Давателот на услугата е должен да врши редовни испитувања на здравствената исправност на водата на начин и постапка согласно закон.

Да ги спроведува санитарно-хигиенските мерки потребни за обезбедување на здравствена исправност на водата за пиење согласно закон.

Да ги проширува објектите и мрежата со цел што повеќе корисници да се приклучат на истиот.

Во случаите кога корисниците на услуги не можат да се снабдат со вода непрекинато над 12 часа,давателот на услугата е должен да ги снабди корисниците на услугата на начин утврден со Планот за вршење на дејноста во вонредни околности,како и да ги извести корисниците.

Давателот на услуги е должен да донесе план за начинот на вршење на дејноста во вонредни околности.

Давателот на услугата е должен да изготви подземен катастер за водоснабдителната мрежа.

Давателот на услугата е должен од Одделението за урбанизам,заштита на животната средина и комунални дејности при Општина Делчево да добие одобрение за раскопување на јавни површини во случаите кога треба да отстрани дефект.

Доколку дефектот на водоснабдителниот систем,бара итно отстранување (поради настанување на поголеми штети), раскопувањето на јавните површини

се врши без одобрение,но за превземените мерки е должен писмено да го извести органот што го издава одобрението.

По завршувањето на работите, давателот на услуги е должен јавната површина да ја врати во првобитна состојба.

Давателот на услугата е должен да ја надомести евентуалната штета на сопственикот или корисникот на земјиштето настаната со изведување на работите.

Давателот на услугата е должен да ја определи цената за м3 потрошена вода за пиење и надоместок за приклучување на корисникот на услугата, согласно Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

Износот на цената на услугите ги потврдува Советот на општина Делчево со соодветна одлука.

Цената не може да биде повисока од утврдената методологија за одредување на цените на погоре наведените услуги.

Член 9

При изведување на водоводната мрежа,давателот на услугите задолжително треба да добие одобрение за градба од Одделението за урбанизам,заштита на животната средина и комунални дејности при Општина Делчево.

Член 10

Новите корисници на услугите можат да бидат приклучени на постојниот јавен водовод, доколку ги исполнуваат условите утврдени со важечките прописи и технички нормативи со кои се обезбедува непречена испорака на квалитетна вода во договорената количина,проток,континуитет и безбедност на луѓето и објектите.

Член 11

Бесправно изградените објекти не смеат да се приклучуваат на водоводната мрежа.

Член 12

Со водоприклучната согласност-договор се определуваат условите и начинот на приклучување на водоснабдителниот систем,како и меѓусебните права и обврски помеѓу давателот и корисникот на услугите.

Член 13

За секој приклучок и водомерен инструмент давателот на услугите е должен да води техничка документација.

Член 14

Давателот на услугите врши набавка и замена на водомерните делови на корисниците.

Корисникот на услугите е должен да се грижи за водомерот за да не дојде до негово оштетување.

Доколку водомерниот инструмент биде оштетен од негрижа на корисникот на услугите,поправките и замената се врши на негов трошок.

Во сите други случаи поправката и замената на водомерниот инструмент паѓа на трошок на давателот на услугите, како и трошоците за редовно баждарење.

Член 15

Чистењето, монтирањето и демонтирањето на водомерните инструменти се врши од овластено лице на давателот на услугата.

Член 16

Во случај на предвидени прекини на водоснабдувањето,давателот на услугите е должен преку средствата за јавно информирање да ги извести корисниците на услугите за времетраењето на прекинот на снабдувањето на водата.

Доколку давателот на услугите не постапи според горенаведениот став, должен е на корисниците да им ја надомести причинетата штета од некористење на водата.

Член 17

Корисникот на услугите е должен веднаш да го извести давателот на услугите за секаков дефект што ќе настане на водоводниот приклучок и водоводните шахти.

По добивањето на известувањето,давателот на услугата најдоцна за 6 часа е должен да преземе мерки за отстранување на дефектот. Корисникот на услугите доколку не го пријави дефектот е должен да ја надомести штетата.

Член 18

Користењето на водата од противпожарните и уличните хидранти е исклучиво наменско.

Доколку физички или правни лица користат вода од хидранти ненаменско ги снесуваат сите трошоци за искористената вода и враќање на системот во првобитна состојба.

Член 19

Ако корисникот на услугата е во реон каде не поминува јавниот водовод, можно е истиот да се приклучи со доградба на водоводната мрежа. Изведувањето на работите се на трошок на корисникот.

Член 20

Услугите за користење на вода давателот на услугата може да ги откаже во следните случаи:
-ако местото каде што се наоѓа водомерот е нечисто ,затрупано или е непристапно а корисникот не ги отстрани недостатоците во рокот даден во писмената опомена од давателот на услугата.
-Со решение на санитарната инспекција
-ако корисникот на услугата самоволно приклучи друг корисник

-Ако корисникот на услугата без одобрение сам се приклучи на водоводната мрежа
-ако корисникот на услугата не ја плати сметката за потрошената вода за период од 3 месеци,а по претходно добиена опомена
-ако изврши приклучување пред водомерниот инструмент.

-ако водата ја употребува за залевање на земјоделски површини.

Член 21

Ако корисникот смета дека водомерот е неисправен, може да побара, давателот на услугата да изврши преглед на водомерот.

Член 22

Над и покрај водоводната шахта, улични хидранти и шахти не е дозволено оставање на било каков материјал кој ќе ја оневозможи нивната употреба.

Доколку се случи тоа, давателот на услугата на сметка на корисникот ќе ги депонира истите.

Член 23

При одржување на јавната водоводна мрежа ако над нив веќе има изградено објект или поминува преку земјиште или дворно место на корисникот, давателот на услугата има право на непречена работа, а сопственикот на земјиштето има право на надоместок поради извршување на работите. Надоместокот е на трошок на давателот на услугата.

Одредбите на став 1 на овој член нема да се применуваат доколку веќе изградените објекти под кои се врши отстранување на дефекти се без уредна документација.

Член 24

Доколку дојде до преместување на водоводната мрежа за спроведување на урбанистички план, како и за доградба на подземни инсталации, сообраќајници и други објекти, трошоците ќе бидат на товар на инвеститорот на објектот.

Член 25

Секој корисник на услугата е должен да има сопствен водомер како единствено мерно средство за определување на потрошувачка на вода.

Корисникот на услугата е должен да овозможи пристап на овластен работник на давателот на услугата заради читање на состојбата на водомерот.

Член 26

Ако водомерот е неисправен, корисникот на услугата е должен да во рок од 3 дена од констатирањето на дефектот го извести давателот на услугата.

Член 27

Заради заштита и спречување на оштетување на водоснабдителниот систем се забранува:

- изградба на станбени и други објекти над водоводната мрежа
- приклучување на водоводната мрежа без одобрение за приклучување
- поврзување на водоводната мрежа на корисникот на услугата кој користи вода од индивидуални извори со водата од водоводниот систем
- користење на вода од приклучок пред водомер

- приклучување на водоснабдителен систем на објекти кои немаат одобрение за градење.
- корисникот на услугата да дозволи приклучување на друг корисник од неговиот приклучок.

**2.Одведување и пречистување на отпадни води**

Член 28

Под одведување и прочистување на отпадни води се подразбира прифаќање на отпадни води од куќниот приклучок на дворната канализациона мрежа , одведување до уличната канализациона мрежа, пречистување и испуштање во реципиентот, како и чистење на септички јами.

Реципиент е секоја проточна или истечна вода на површината на земјата во која се испуштаат пречистените отпадни и атмосферски води.

Канализационен систем е збир на хидротехнички објекти и тоа: колектори, улична канализациона мрежа и канализациона мрежа за атмосферски води.

Канализационен приклучок е спојот на канализационата мрежа на корисникот на услугата со уличната канализационата мрежа.

Ревизиони шахти се објекти кои се поставуваат на одредени растојанија на уличната канализационата мрежа и служат за контрола и одржување на истата.

Приклучни шахти се објекти кои се наоѓаат на канализационата мрежа и објектот на корисникот на услугата и служат за одржување на канализациониот приклучок на корисникот на услугата.

Член 29

Давателот на услугата врши:

- одведување на урбаните отпадни води во реципиентот со нивно собирање од корисниците на услугата преку канализационата мрежа,пречистување и испуштање во реципиентот.
- управување и одржување на канализациониот систем.
- ја утврдува висината на надоместокот за приклучување на корисникот на услугата за канализациониот систем, по претходна согласност на Советот на Општина Делчево.
- се грижи за исправно функционирање на целокупната канализационата мрежа за која цел формира посебна единица за одржување.
- редовно врши чистење на канализационата мрежа од нерастворливи материи.
- врши поправка на оштетените делови од канализационата мрежа
- дава одобрение за приклучок и го извршува приклучувањето.

Член 30

Давателот на услугата е должен на корисниците на услугите да им обезбеди трајно и непрекинато одведување на урбаните отпадни води преку изградениот канализационен систем.

На барање на корисникот на услугата ( инвеститор , пред добивањето на одобрението за градба на нов објект или доградба на постоечки објект, давателот на услугата е должен да издаде потврда за постоење или непостоење на канализациона мрежа на местото каде ќе се

гради- доградува објектот, односно техничка можност за приклучување на објектот на канализационата мрежа.

Давателот на услугата е должен да обезбеди целосна документација на канализациониот систем, заради воспоставување на подземен катастар.

Давателот на услугата е должен да во случај на поправка на канализациониот систем претходно да прибави Одобрение за раскопување на јавни површини од Одделението за урбанизам , заштита на животната средина и комунални дејности при општина Делчево.

Доколку дефектот на канализациониот систем бара итно отстранување поради опасност од настанување на поголеми штети, раскопувањето на јавните површини ќе се врши веднаш без да се прибави одобрение, но за превземените мерки е должен писмено да го извести органот надлежен за издавање на одобрението.

По завршувањето на работите давателот на услугата е должен јавната површина да ја доведе во првобитна состојба.

Давателот на услугата е должен да ја надомести евентуално настанатата штета на сопственикот или корисникот на земјиштето.

Член 31

Корисниците на услугата кои вршат индустриска дејност или друга сличност се должни да постапуваат по одобрениот елаборат или А и Б дозвола за заштита на животната средина ( водата).

Секој сопственик на изграден или делумно изграден објект е должен да ја спои својата канализација со уличната канализација истовремено кога уличната канализација ќе биде изградена пред неговиот објект.

Член 32

Заради заштита и спречување на оштетување на канализациониот систем се забранува;

-изградба на станбени или други објекти над канализационата мрежа;

-приклучување на канализационата мрежа без одобрение за приклучување;

-испуштање на нерастворливи материи;

- испуштање на урбани отпадни води во кои концентрацијата на сулфатниот јон ( $SO4=$) е поголем од 400 мг/л;

- испуштање на нафтени деривати и слични запаливи и експлозивни материи;

- приклучување на канализациониот систем на објекти без одобрение за градење;

- испуштање на отпадни води во системот на атмосферска канализација и обратно испуштање на атмосферски води во на канализациониот систем за отпадни води;

- испуштање на индустриски отпадни води без претходно нивно пречистување.

### 3.Одведување и испуштање на атмосферски води

Член 33

Под одведување и испуштање на атмосферски води се подразбира прифаќање на атмосферски води од урбаните површини, одведување со канализационата атмосферска мрежа и испуштање во реципиент.

Атмосферски води се површински води создадени од атмосферски врнежи.

Атмосферска канализациона мрежа е збир на хидротехнички објекти кои служат за прифаќање,одведување и испуштање во реципиент на атмосферска вода од урбани површини.

Член 34

Давателот на услугата е должен:

- да се грижи за исправноста и функционирањето на целокупната атмосферска канализациона мрежа.
- да врши редовно чистење на коритата на отворените канали и водотеци во градежниот опфат на градот и другите населени места.

Член 35

Заради заштита и спречување на оштетувања на атмосферската канализациона мрежа се забранува:

- испуштање на отпадни води од објектите ( станбени и индустриски) во системот на атмосферска канализација.
- испуштање ( истурање ) на нафтени деривати
- фрлање на било какви предмети и отпадоци во отворените канали и водотеци.

### 4. Јавен градски и приградски превоз

Член 36

Под јавен градски и приградски превоз се подразбира општински превоз на патници на подрачјето на општина Делчево.

Општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Делчево можат да вршат превозници кои ќе добијат лиценца за вршење на таков вид превоз што ја издава градоначалникот на општина Делчево.

Превозникот кој има лиценца на патници за вршење општински линиски превоз на патници, може да се почне со вршење на превоз, откако ќе добие дозвола и регистрира возен ред за определена линија.

Општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Делчево го уредува советот на општината со посебна Одлука.

### 5. Обработка и депонирање на комунален цврст отпад

Член 37

Под обработка и депонирање на комунален цврст отпад се подразбира: селектирање, собирање, транспортирање и обработка на комунален цврст отпад од населението и индустријата, негова рециклажа  и преработка депонирање на уредени депонии, како и одржување на депониите.

Комунален цврст отпад е отпад што се создава во секојдневниот живот и работа во станбени, деловни дворни и други површини и простории тоа: отпадоци од храна, градинарски , овошни и други земјоделски култури, хартија,

картонска амбалажа, текстил, разни дрвени метални, стаклени, порцелански, кожни , пластични и гумени предмети и на нив слични нештетни отпадоци.

Комерцијален отпад е секој друг отпад создаден од правни и физички лица при вршење на комерцијални, индустриски, занаетчиски, услужни, административни  и слични дејности, кои според својата природа или својот состав е сличен на отпадот од домаќинствата.

Преработката на отпадот се операции утврдени со Законот за управување со отпадот, кои имаат за цел да се искористат употребливи материи и состојки на отпадот, а потоа ги опфаќаат постапките за повторно користење на отпадот за рециклирање и за користење на отпадот како извор на енергија исклучувајќи го горењето на отпадот заради негово дефинитивно отстранување.

Отстранувањето на отпадот се операциите што обезбедуваат конечно решение за отпадот, а не просто преместување на истиот на други локации, што не може повторно да биде употребен или преработен, а притоа не се загрозува животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Рециклирање на отпадот е добивање супстанции од отпадот (секундарни суровини) и нивно користење како замена за примарните суровини или користење на својствата на супстанциите содржани во отпадот за нивна првична намена или за други намени, вклучувајќи го директното користење на енергијата на отпадот.

Собирањето на отпадот е збир од организирани дејности кои што опфаќаат постапки со кои отпадот се подготвува за транспорт.

Складирањето на отпадот е организирана дејност за складирање на создадениот отпад во објекти кои што ги исполнуваат пропишаните услови за

таа намена за период пократок од три години, доколку складираниот отпад е наменет за третман и за преработка, или за период  пократок од една година, доколку отпадот се подготвува за транспорт.

Член 38

Создавачите  на отпадот се должи да го селектираат отпадот на следните категории:

-амбалжен отпад (хартија, пластика, стакло, дрво и сл.)

-растителен отпад од дворни места ( цвеќе, трева, листови, гранки, пилевина и сл)

-габаритен отпад (истрошен мебел, апарати од домаќинствата и сл.)

Член 39

Амбалажниот  отпад се остава на посебни места во садови кои се поставуваат на јавни површини на места определени од општината.

Останатиот отпад од домаќинствата се става во вреќи сместени во типизирани пластични  канти од 0,12 м3. Типизираните канти се поставуваат на приватно земјиште непосредно до влезот во дворното место.

Член 40

Создавачите на комуналниот цврст отпад што живеат во колективни станбени згради, комуналниот цврст отпад го депонираат во контејнери од 1,1м3.

Член 41

Отпадот од дворните места ( растителен) се собира во вреќи или се врзува во снопчиња и се остава на приватен имот ( непосредно до влезот во

објектот). Отпадот настанат од делови на расипани апарати од домаќинствата се остава во садови поставени на јавна површина од страна на општината.
Опасниот отпад ( истрошени батерии, акумулатори и сл.) се оставаат на посебни места во садови определени од општината.

За деновите на собирање на комуналниот цврст отпад од домаќинствата давателот на услугата е должен да ги извести создавачите на отпадот.

Во садовите за собирање на отпадот со волумен од 1,1 м3 не смее да се депонира жар. врел пепел , течности ( вклучувајќи и вода ) мртви животни, живина и слично.

Член 42

Сите видови на садови за собирање на комунален цврст отпад се набавуваат на трошок на создавачите на отпадот, освен садовите поставени на јавна површина за селектирање на отпадот.

Член 43

Садовите за отпад треба да имаат исправни поклопци (капаци) и истите секогаш треба да бидат затворени.

Член 44

Отпадот од домаќинствата организирано се подига (собира) двапати неделно во период од 01.06. до 31.10., додека од 01.11 до 31.05 еднаш неделно.

Давателот на услугата е должен внимателно да ги празни садовите за отпад како не би дошло до оштетување на истите или истурање на отпадот.

По празнењето на садовите истите се враќаат на првобитните места и капаците се затвараат. Евентуалниот истурен отпад се собира.

Член 45

Депонија е објект наменет за депонирање на отпадот со негово истурање и затрупување со земја,

Давателот на услугата управува со депонијата и се грижи за уредување и одржување на истата, а особено е должен да:

- ја огради депонијата;
- да обезбеди контролирано влегување на возилата за депонирање на отпадот;
- да го спречи ширењето на непријатната миризба;
- површините покриени со отпад да ги покрие со земја во слој од 30-50 см и истите ги озелени;
- да не дозволи да дојде до палење или самозапалување на отпадот на депонијата.

Член 46

Заради одржување на комуналната хигиена се забранува:

- фрлање, складирање и чување на комунален отпад надвор од садовите за отпад;
- ставање во садовите отпадоци кои не се сметаат за комунален цврст отпад;
- ставање во садовите жар и било какви течности( вода , масла, киселини и сл.) ;
- поставување и преместување на садовите за отпад надвор од определените локации;

- собирање и транспортирање на отпад со технички средства кои не се соодветни за вршење на дејноста;
- собирање и транспортирање на комунален цврст отпад без поседување на дозвола;
- постапување со отпадот на начин кој доведува до загадување на животната средина над дозволените гранични вредности;
- постапување со отпадот на начин кој создава бучава и непријатна миризба;
- депонирање на медицински и опасен отпад.

## 6. Депонирање на технолошки отпад

Член 47

Технолошки отпад е неопасен отпад што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни состојки, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот цврст отпад.

Член 48

Создавачот или поседувачот на технолошкиот отпад е должен да го преработи отпадот што настанува со вршење на дејноста на начин утврден со Законот за управување со отпадот.

Правните и физичките лица кои постапуваат со технолошкиот отпад се должни да достават примерок од идентификациониот формулар до градоначалникот на општината.

Член 49

Создавачите на технолошкиот отпад се должни да склучат посебен договор за собирање и депонирање на отпадот со давателот на услугата.

Член 50

Штетни материи во смисла на оваа Одлука се хемиски супстанции што ги менуваат физичките својства и состави на природните и вештачки создадените материи (супстанции).

Создавачите на отпад што содржи штетни материи се должни да ги преземат соодветните мерки согласно одредбите на Законот со управување со отпад, законот за заштита на животната средина и другите подзаконски акти кои ја регулираат оваа проблематика.

Технолошки течен отпад што не содржи штетни материи се испушта задолжително во канализациониот систем за отпадни води.

## 7. Депонирање на инертен отпад

Член 51

Под поимот инертен отпад во смисла на оваа Одлука е отпад кој при дејство на вода, воздух и сонце не ги менува хемиските својства и не ја загадува животната средина. Тој отпад најчесто е отпад што се создава при изведување на градежни работи и најчесто се именува како градежен шут.

Член 52

Инертниот отпад се депонира на посебна депонија. Општина Делчево има донесено Одлука за одредување на локација на депонија за инертен отпад.

Создавачите на инертен отпад ( градежен шут) се должни сами да го собираат и транспортираат отпадот на депонијата за инертен отпад или истиот

да го предадат на овластени правни и физички лица кои собираат и транспортираат инертен отпад.

Создавачите на инертен отпад должни се да поседуваат доказ дека отпадот го пренеле на начина утврден во став 2 на овој член.

Член 53

Советот на општина Делчево на предлог на градоначалникот ги определува местата за третман и отстранување на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи, во согласност со општинскиот План за управување со отпад и во согласност со урбанистичките планови.

Посебно уредените депонии , односно определените места од став 1 на овој член ги одржува и со нив управува Јавното претпријатие за комунални дејности, правно или физичко лице кое од страна на општината е овластено за вршење на ваква дејност.

Член 54

Забрането е инертниот отпад да е изнесува од дворните места до денот на преземањето односно транспортирањето на отпадот.

## 8. Одржување на јавната чистота во Општина Делчево

Член 55

Одржувањето на јавната чистота во општина Делчево е регулирана со посебна Одлука за одржување на јавната чистота во општина делчево, донесен од страна на Советот на општината , заведена под број 07-701/1 од 14.11.2008 година , и претставува составен дел на оваа Одлука.

Член 56

Под одржување на паркови , зеленило и рекреативни површини се подразбира подигање, одржување и користење на ниска и висока вегетација и слично на подрачјето на општина Делчево.

Член 57

Паркови се посебно уредени и озеленети површини во урбаните средини, согласно донесените урбанистички планови, кои им служат на граѓаните за рекреација.

Член 58

Одржувањето на парковите и другите зелени површини го врши јавното комунално претпријатие, врз основа на годишната програма донесена од страна на Советот на општина Делчево.

Јавното комунално претпријатие е должно да:

- обезбеди чуварска служба;
- хортикултурно да ги уредува површините;
- редовно да ја одржува јавната чистота;
- да ја одржува урбаната опрема ( клупи за седење, корпи за отпадоци, опрема за детски игри и слично).

Член 59

Под зеленило во смисла на оваа одлука се подразбираат тревници, цветни и други насади, живи огради, грмушки, дрвја и дрворед .

Зелените површини можат да бидат:

- јавни зелени површини и

- зелени површини на урбани единици и јавни објекти.

Член 60

Под јавни зелени површини во смисла на оваа Одлука се подразбираат зелените површини покрај улиците, плоштадите, културно - историските споменици, јавните паркиралишта, рекреативните површини, детските игралишта, спортските терени и дворните места на јавните објекти.

Под зелени површини на урбани единици и објекти се подразбираат зелените површини во дворните места на правните лица ,образованите, културните, здравствените и други установи, околу станбените комплекси и во дворовите на физичките лица свртени кон улиците.

Член 61

Одржувањето на зелените површини опфаќа:

- подигање- садење, одгледување и обновување на зелените површини;
- заштита на зелените површини од оштетување, болести и штетници.

Одржувањето на јавните зелени површини го врши јавното претпријатие за комунални дејности врз основа на годишната програма донесена од страна на Советот на општина Делчево.

Годишната програма од ставот 2 на овој член особено треба да содржи ; планирање на начинот и мерките за одржување на истите, видовите на зеленило, поставување и видот на урбаната опрема, како и трошоците за извршување на овие работи и изворите на средствата.

Одржувањето на зелените површини на урбани единици и јавни објекти го вршат сопствениците , односно корисниците на тие објекти на сопствен трошок.

Член 62

Рекреативни површини се определени простори на подрачјето на општината кои се користат од страна на граѓаните за одмор и рекреација, а најчесто тоа се отворени базени за копање, крајбрежните делови на акумулационите езера и планинските терени и терените околу манастирите и историските места.

Член 63

Овластениот субјект кој ги одржува базените е должен постојано, во текот на сезоната на капење да ја контролира хемиската и бактериолошката исправност на водата и за тоа да ја известува јавноста.

Член 64

Начинот на работата и одржување на редот на базенот за капење поблиску се уредува со акт на овластениот субјект на користење на истиот.

Член 65

Одржувањето на другите рекреативни површини кои од страна на граѓаните се користат за одмор и рекреација, Општината Делчево може да ги довери на јавното претпријатие за комунални дејности, здруженија на граѓани, спортско - рекреативни, еколошки друштва и урбани или Месни заедници.

## 10 . Одржување на сообраќајна сигнализација

Член 66

Под одржување на улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење во смисла на оваа Одлука се подразбира редовно одржување на вертикалната и хоризонталната сигнализација и другите инфраструктурни објекти на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Делчево (семафори, сообраќајни знаци, патокази, огради на мостовите и слично).

Член 67

Работи за редовно одржување на локалните патишта и улици се:
-поправка на коловозот и трупот на патот;
-чистење на коловозот, уредување на банкини, заштита на косини;

-работи на одржување на електрични инсталации - замена на дотраени светилки и друго осветлување на патот и улиците;
-одржување на прегледност на локалните патишта и улици со сечење на деловите (гранки) од високо стеблести дрвја кои излегуваат од дворните граници на објектите и живите огради насадени надвор од границите на дворните места.

Член 68

Работите во врска со редовното одржување на локалните патишта и улици го врши Одделението за урбанизам, заштита на животната средина и комунални дејности на Општина Делчево, врз основа на годишна програма донесена од Советот на Општината.

## 11. Одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги

Член 69

Дејноста одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги е регулирана со Законот за гробишта и погребални услуги, каде си член 6 од наведениот Закон, давањето погребални услуги не е комунална дејност и истата е неспоива со дејноста одржување на гробови и гробишта.

Член 70

Под одржување на гробови и гробишта во смисла на оваа Одлука се подразбира одржување на гробовите, гробиштата и просторот во гробиштата.

Член 71

Гробиштата имаат статус на јавен урбанизиран простор сопственост на Р. Македонија.

Со гробиштата управува јавното комунално претпријатие согласно одредбите од Законот за гробишта.

Член 72

Во гробиштата треба да биде изграден јавен објект - капела со сите стандарди кои треба да ги содржи една капела.

Член 73

Се забрануваат поворки низ градот Делчево за пренос на покојниот до градската капела.

## 12. Одржување на јавното осветлување

Член 74

Под одржување на јавното осветлување се подразбира одржувањето на уличното осветлување во исправна состојба и тоа: одржување на објектите и инсталациите, редовна замена на дотраените светлосни тела, чистење и боење на електричните столбови.

Светлосните тела мораат да бидат во функција преку целиот ноќен период.

Член 75

За одржување на јавното осветлување Советот на Општината Делчево, донесува Годишна програма за одржување на јавното осветлување во која е утврдена динамиката и обемот на одржувањето, како и потребните средства за одржување на јавното осветлување и потрошувачката на електрична енергија, прибраната такса од корисниците и нивниот број.

Член 76

Заради вршење на услугата на одржување на јавното осветлување, општината согласно Законот за јавни набавки склучува договор со правно или физичко лице.

Надзор над работите во врска со одржувањето на јавното осветлување врши Одделението за урбанизам, заштита на животната средина и комунални дејности при Општина Делчево.

Надзорниот орган се грижи за спроведување и реализација на Годишната програма за одржување на јавното осветлување и е должен да поднесе годишен извештај до Советот на Општината.

Член 77

Заради исправно и целосно функционирање на јавното осветлување забрането е:

-оштетување и уништување на светлосните тела и столбови;

-поставување огласи, известувања, реклами и слично, без одобрение од Одделението за урбанизам, заштита на животната средина и комунални дејности.

## 13. Одржување на јавен простор за паркирање

Член 78

Под одржување и користење на јавниот простор за паркирање се подразбира одржување на просторот за паркирање и објектите во него и давање на соодветни услуги, како и утврдување на начинот на неговото користење.

Јавните паркиралишта мора да се одржуваат чисти и уредни.

**14. Одржување и користење на зелен пазар**

Член 79

Под одржување и користење на зелен пазар се подразбира одржување на комуналните објекти и просторот околу нив.

На зелениот пазар се врши трговија на мало.

Трговија на мало е продавање на стоки на крајните потрошувачи.

Член 80

Одржувањето и користењето на зелениот пазар го врши јавното претпријатие за комунални дејности , правно или физичко лице овластено од страна на Општината (во натамошниот текст давател на услугата).

Давателот на услугата е должен најмалку еднаш неделно (петок) да врши детално миење на просторот и продажните тезги.

Член 81

На зелениот пазар се врши трговија со земјоделски стоки под услови пропишани со закон и друг пропис.

На посебно организирани делови на зелениот пазар може да се врши трговија и на други стоки, под услови пропишани со закон и други прописи.

Член 82

Продавачите на зелениот пазар за користење на просторот плаќаат пазаришна такса.

Пазаришната такса се наплаќа од м2 заземена површина и е во износ со кој можат да се покријат трошоците за одржување на пазарот и пазарните тезги.

Член 83

На зелениот пазар се забранува:

-продажба на стоки надвор од продажните места обележани на пазарот

-паркирање на моторни возила внатре во пазарот

-фрлање неквалитетни и непродадени производи, амбалажа и други отпадоци надвор од контејнерите на пазарот

-продавање на стоки кои не се дозволени за продажба согласно закон.

**15. Вршење оџачарски услуги**

Член 84

Под вршење на оџачарски услуги се подразбира чистење и контрола на уредите за спроведување на чад (оџаци).

Заради организирано и навремено вршење на оџачарски услуги во рамките на јавното претпријатие за комунални дејности има посебна служба за оџачарски услуги.

Оџачарски услуги можат да вршат и други правни и физички лица овластени од општината согласно закон.

Член 85

Корисници на услугата од член 84 од оваа Одлука се сите правни и физички лица кои имаат во сопственост или користат станбени и деловни простории кои се загреваат на тврди горива и нафтени деривати.

Член 86

Корисниците на услугата се должни да извршат чистење на оџаците најмалку еднаш годишно доколку истите ги користат во грејната сезона,

Чистењето на оџаците вообичаено се врши пред почетокот на грејната сезона и тоа во месеците септември и октомври.

Член 87

Висината на цената и начинот на плаќање на услугата го одредува давателот на истата.

**16. Отстранување на хаварисани возила , земјоделски машини и приклучни уреди**

Член 88

Отстранување на хаварисани возила , земјоделски машини и приклучни уреди од јавни површини во смисла на оваа Одлука се подразбира постапката за отстранување на наведените возила и опрема.

Член 89

Под отстранување на овие возила и опрема оставени на јавни површини се подразбира подигање и транспортирање со специјални возила и нивно привремено сместување во специјално обезбеден простор и нивно чување.

Член 90

Отстранување на возилата и опремата го врши комуналниот инспектор во присуство на службено лице од ПС Делчево.

Член 91

Пред постапката за отстранување на хаварисаното возило,земјоделски машини и опрема,комуналниот инспектор ќе спроведе управна постапка:ќе состави записник и ќе издаде Решение за отстранување на возилото или опремата во рок од 3 дена од врачувањето на истото.

Член 92

Ако сопственикот на возилото или опремата не постапи по решението ,пред да се постапи кон отстранување се прави Записник во кој се внесува деталната состојба на возилото или опремата.

Член 93

Подигнатото возило или опрема може да се чува најмногу 30 дена,а потоа се покренува постапка пред надлежен орган за надомест на направените трошоци за чување на возилото/опремата.

Член 94

Примопредавањето на отстранетото возило се врши по наплата на трошоците за отстранување,односно со приложен документ за наплатени трошоци.

Член 95

Трошоците за отстранување и чување на подигнатите возила или опрема ги утврдува Советот на општината со посебна Одлука.

Член 96

Трошоците за отстранување и чување на возилото или опремата се на товар на сопственикот, односно на носителот на правото на користење на истото.

**17. Ерадикација на животни скитници**

Член 97

Под ерадикација на животни скитници во смисла на оваа Одлука се подразбира хумано решавање на проблемот со животните скитници и тоа: собирање,привремено згрижување,кастрирање,вакцинирање на здравите и еутаназија на болните единки(мачки и кучиња) со цел за зачувување на здравјето на населението и отстранување на заразните заболувања,како и смалување на можноста од нивно пренесување.

Член 98

Решавањето на проблемот на животните скитници општината Делчево може да го довери на јавното претпријатие за комунални дејности или на друго правно или физичко лице,кое ги исполнува условите согласно закон.

Член 99

Советот на општината Делчево донесува годишна програма за решавање на проблемот со животните скитници,која меѓу другото содржи реална проценка на бројот на кучињата и мачки скитници што треба да се третираат во тековната година, условите и организацијата на извршувањето на предвидените работи и средствата за реализирање на програмата.

**18. Украсување на населени места**

Член 100

Градот Делчево и населените места мораат да бидат уредени.

Под уредување на градот и населените места се подразбира уредување на надворешните делови на зградите,излозите,поставувањето на реклами,огради на дворните места,јавното осветлување во посебни прилики на свечености и празници.

Член 101

Надворешните делови на зградите(фасади,балкони,тераси,влезни врати, прозорци друго) мора да бидат уредни и чисти,а оштетувањата да се поправат.

Член 102

На балконот и терасите и на други делови од зградите,непосредно свртени кон улицата или плоштадот забрането е спростирање на алишта, постелина и теписи.

на балконите,терасите о оградите по правило се поставуваат цвеќиња и украсни билки.

Член 103

Дворните огради покрај јавните површини мораат да бидат изработени така да се вклопуваат во околината.

Оградите од украсно зеленило мора да се поткаструваат најмалку двапати во годината.

Сопствениците на високостеблести дрвја се должни да ги отсекуваат гранките кои ја поминуваат оградата и надвиснуваат над тротоарите при што се оневозможува,поминувањето на пешаците и возилата за собирање на комунален цврст отпад и ја смалуваат прегледноста на улицата, смалувајќи ја безбедноста на учесниците во сообраќајот,воедно нагрдувајќи го ликот на сообраќајниците.

Член 104

Излозите на продавниците и другите деловни објекти мораат да бидат естетско уредени во склоп на самиот објект и околината во која се наоѓаат.

Член 105

За време на новогодишните и божиќните празници потребно е излозите на продавниците и другите деловни објекти од страна на сопствениците или корисниците да бидат свечено украсени.

Советот на општината донесува Програма за украсување на централното градско подрачје.

Реализацијата на програмата е во надлежност на Одделението за урбанизам,заштита на животната средина и комунални дејности.

**19. Одржување на јавни санитарни јазли**

Член 106

Јавните санитарни јазли ги одржува јавното претпријатие за комунални дејности,друго правно или физичко лице овластено од страна на општината.

Јавните санитарни јазли мора да бидат изградени според пропишаните санитарно-хигиенски услови,односно да се изградени од тврд материјал поврзани на водоводната и канализациона мрежа и истите редовно да се одржуваат чисти и да се дезинфицираат.

Член 107

За користење на јавните санитарни јазли може да се наплатува соодветен надоместок што ќе го определи општината.

**20. Аерозапрашување, дезинфекција,дезинсекција и дератизација**

Член 108

Со аерозапрашување (дезинсекција) се уништуваат штетни инсекти(муви,комарци,гасеници и слично)

Со дезинфекција се уништуваат штетни бактерии во комуналните објекти.

Со дератизација се уништуваат глодари (глувци и стаорци)

Горенаведените дејности се извршуваат по потреба,согласно утврдените нормативи.

Член 109

Целта на дезинсекцијата ,дезинфекцијата и дератизацијата е зачувување на здравјето на граѓаните,отстранување на изворите на заразни заболувања и намалување на можноста за пренесување на заразни болести.

Член 110

Советот на општина Делчево донесува Годишна програма за аерозапрашување, дезинфекција,дезинсекција и дератизација најдоцна до 30 Ноември во тековната за наредната година.

Општината може реализацијата на програмата да ја довери на овластен субјект специјализиран за вршење на вакви дејности.

Член 111

Одделението за урбанизам,заштита на животната средина и комунални дејности е должно навремено преку средствата за јавно информирање да ја извести јавноста за времето и начинот на спроведување на аерозапрашувањето,дезинсекцијата ,дезинфекцијата и дератизацијата и за мерките за заштита што треба да ги преземат граѓаните.

**21. Отстранување и чување на крупна,ситна стока и живина во урбани средини.**

Член 112

На подрачјето на градот Делчево во границите на градежниот опфат се забранува чување на секаков вид крупна и ситна стока и живина .

Во населените места на подрачјето на општината може да се чува добиток и перната живина на начин пропишан со посебни прописи за санитарно-здравствена и хигиенска заштита.

Забрането е колење на крупна и ситна стока и живина на јавните и сообраќајни површини во општината.

Член 113

На подрачјето на градот во градежниот опфат чувањето на гулаби е дозволено само во дворните места на индивидуалните станбени објекти.

Чувањето на гулаби не смее да пречи во нормалното живеење на соседите .

Доколку гулабите го нарушуваат нормалното живеење на соседите на било кој начин,комуналниот инспектор ќе нареди преместување на гулабарникот или забрана на чување и одгледување на гулаби.

Член 114

Во градот Делчево ,во кругот на едно домаќинство може да се чува едно домашно куче и две ловџиски кучиња,под услов истите да бидат регистрирани во надлежна ветеринарна институција и редовно вакцинирани.

Сопствениците на кучиња се должни своите кучиња да ги држат во своите дворни места.

Кучето може да се изведе надвор од место само со кошница на муцката и врзано со каиш.

Сопственикот на кучето е должен сместувањето и чувањето на истото да ги уреди на начин што нема да пречи на мирот и спокојството на соседите.

Не е дозволено чување на кучиња со ќут на постојано лаење и завивање.

**22. Сечење и складирање на огревно дрво и градежни материјали на јавни површини**

Член 115

Истоварот,сечењето ,цепењето и складирањето на огревното дрво треба да се врши во дворните места на станбените и деловните објекти.

Во исклучителните случаи тоа може да се врши и на јавни површини(освен цепењето) но при тоа не смее да се попречи нормалното и безбедно одвивање на сообраќајот.

Граѓаните кои немаат дворни места огревниот материјал можат да го чуваат на јавна површина најмногу до 7 дена а за кое нешто се должни да побараат службена белешка од овластено лице-комунален редар.

Не е дозволено цепење на огревното дрво на јавните површини (тротоари,улици и тревници).

Член 116

Складирањето и чување на градежни материјали по правило се врши во сопствените дворни места на правните и физички лица.

По исклучок од ставот 1 на претходниот член општината односно овластеното лице може да издаде одобрение за складирање на градежен материјал на јавни површини најмногу до 30 дена.

**23. Одржување на споменици,спомен плочи,скулптурни реклами и друга урбана опрема**

Член 117

На подрачјето на општина Делчево можат да се поставуваат споменици,спомен плочи,скулптури и слично(во понатамошниот текст споменици).

За поставување на споменици потребно е одобрение од Одделението за урбанизам,заштита на животната средина и комунални дејности при општина Делчево.

Член 118

За поставување на споменик подносителот на барањето е должен да приложи скица,технички опис и образложение за потребата од поставување на споменик.

Член 119

Споменикот се поставува откако ќе се добие одобрение од надлежен орган.

Член 120

Ако споменикот се поставува на приватен имот,тогаш согласност дава сопственикот на земјиштето.

Член 121

Урбана опрема(трафики и сл.) можат да се поставуваат само со изготвена и одобрена програма за поставување на истата.
Урбаната опрема се поставува на уредени јавни површини.

## II. МЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОМУНАЛЕН РЕД

**Член 122**

Мерките за спроведување на комуналниот ред за вршење на дејностите од член 2 на оваа Одлука се утврдуваат со посебни програми за секоја дејност пооделно во рамките на условите утврдени со оваа Одлука.

Програмите од став 1 на овој член ги донесува Советот на општина Делчево.

Надзор над примената на оваа Одлука врши Одделението за урбанизам , заштита на животната средина и комунални работи на општина Делчево.

Член 123

Инспекциски надзор над спроведувањето на оваа Одлука врши Одделението за инспекциски надзор на општина Делчево, преку овластените инспектори и комунални редари.

Надлежните општински инспектори вршат инспекциски надзор над јавните комунални претпријатија основани од општината, над физичките и правни лица на кои општината им дала дозвола за вршење комунална дејност, над законитоста во работењето на субјектите во комуналните дејности на подрачјето на општината- како даватели на комунални услуги, така и над правните и физички лица- како корисници на комуналните услуги согласно одредбите на оваа Одлука.

Член 124

За извршениот инспекциски надзор, односно утврдената состојба и превземените мерки од надзорот, надлежните општински инспекциски органи се должни да состават записник од кој еден потпишан примерок му се врачува на субјектот над кој се врши инспекциски надзор.

Ако при вршењето на инспекциски надзор инспекторот утврди дека е сторен прекршок или кривично дело, должен е да покрене постапка пред надлежен орган или да изрече мандатна казна.

Член 125

Надлежните општински инспектори по извршениот инспекциски надзор донесуваат решение.

Со решението од став 1 на овој член се наредува на инспектираните субјекти да преземат дејствија со цел одржување на комуналниот ред согласно одредбите на оваа Одлука. Во издаденото решение е дадено упатство за

правно средство, во кое е наведен рокот и органот до кој се поднесува жалба, ако субјектот смета дека донесеното решение е неправилно.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Член 126

Надлежните општински инспектори и комунални редари имаат легитимација издадена од страна градоначалникот на општина Делчево.

Член 127

Физичките и правни лица ( даватели и корисници на услугите ) се должни на надлежните општински инспектори и комунални редари да овозможат несметано обавување на надзорот, а во начело пристап до просториите, објектите, земјиштето, апаратите и уредите, да дадат лични податоци и да пружат други потребни известувања за предметот на комуналното уредување на најбрз и најсоодветен начин.

Член 128

Ако надлежните општински инспектори и комунални редари во својата работа наидат на отпор, можат да побараат помош од надлежните полициски органи.

Член 129

Ако објектот или предметот кој е поставен на основа на Одобрение-решение од Одделението за урбанизам, заштита на животната средина и

комунални работи на општина Делчево има недостатоци, оштетувања или не е поставен во склад со Одобрението- решението, надлежниот општински инспектор ќе нареди на сопственикот односно корисникот, негово усогласување со Одобрението- решението или отстранување.

Ако недостатоците на објектот или предметот од ставот 1 на овој член во дадениот рок не бидат отстранети, односно не бидат ускладени со одобрението-решението, ќе се нареди нивно отстранување.

Ако објектите или предметите се дотраени ќе се нареди нивно отстранување.

Член 130

Ако физичките и правните лица кои ја објавуваат комуналната дејност не ја објавуваат или неуредно нецелосно и ненавремено ја обавуваат според одредбите на оваа Одлука надлежниот општински инспектор ќе одреди рок во кој тие се должни тоа да го сторат.

Член 131

Надлежните општински инспектори до градоначалникот поднесуваат извештај за нивната работа најмалку еднаш годишно.

Градоначалникот до Советот на општината Делчево доставува извештај за нивната работа.

## III. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 132

За непочитување на одредбите од оваа одлука ќе се применуваат одредбите од материјалните закони по кои работат овластените инспектори, како и законот за сопственост и други стварни права.

## IV.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 133

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука преставува да важи Одлуката за комунален ред на подрачјето на општина Делчево бр.07-201 од 25.03.1998 год.

Член 134

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во Сл. гласник на општина Делчево.

**Бр. 07-2389/1**
**23.11. 2011 год.**
**Делчево**

**Совет на општина Делчево**
**Претседател,**
**Николче Трајановски, с.р.**

3.

Врз основа на член 36 и член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр.05/2002) и член 143 од Деловникот на Советот на општина Делчево („Сл.Гласник на Општина Делчево" бр.16/2006), Советот на општина Делчево на својата 28. седница одржана на ден 23.11.2011 година, донесе

## ОДЛУКА
## За доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат на универзитети надвор од РМ

Член 1

Се донесува Одлука за доделување на 2 (две) стипендии на редовни студенти од Делчево кои студираат на универзитети надвор од Република Македонија во студиската 2011/2012 година.

Член 2

Стипендиите ќе се доделуваат на редовни студенти во I (прва) студиска година.

Член 3

Износот на месечната стипендија е 2000 денари/студент и студентите истата ќе ја добиваат месечно за период од 9 (девет) месеци во текот на студиската 2011/2012 година, со право на продолжување на користењето на истата, доколку ги исполнуваат критериумите.

Средствата ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Делчево.

Член 4

Изборот на студенти кои ќе добиваат стипендија ќе се врши од страна на заедничка комисија составена од претставници на општина Делчево и Советот на општина Делчево, која ќе ги утврди критериумите и ќе распише Конкурс за доделување на стипендии.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на Општина Делчево".

**Бр.07-2390/1**
**23. 11. 2011**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Николче Трајановски, с.р.**

4.

Врз основа на член 36 и член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/20002),Советот на Општина Делчево на својата 28.редовна седница, одржана на ден 23.11. 2011 година, донесе

## ОДЛУКА
## за исплата на парична помош

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Делчево одобрува исплата на 60.000,00 денари парични средства, на Митевски Лазо и Мирјана од Делчево, за надоместување на трошоците за пренесување на посмртните останки од Република Германија на нивниот син Михаил Митевски кој трагично го загуби својот живот во Минхен.

Член 2

Средствата од член 1 на одлуката ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево, Програма Д0 , ставка 471160.

Член 3

Одлуката влегува во сола осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 07-2391/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.11.2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

**5.**

## ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2012 ГОДИНА

**Профил на Општина Делчево**

Општина Делчево се наоѓа во крајниот североисточен дел на Република Македонија, во подножјето на планината Голак, непосредно до бугарската граница на оддалеченост од само 10 км. На исток е заградена со планината Влаина, на север со Осоговските и на југ со Малешевските планини. Сместена е во котлината Пијанец и распослана по горниот тек на реката Брегалница.

Општината со нејзината поширока околина се протега на следните координати: 41º58' северна географска ширина и 22º46' источна географска должина, на надморска височина од 630 метри. Климата е умерено-континентална.

Општина Делчево на југ се граничи со општините Пехчево и Берово, на запад со општината Виница, на северозапад со општината Македонска Каменица, а на исток и севороисток со Република Бугарија. Општина Делчево преставува важна алка на источномакедонската магистрала, која ги поврзува сите поголеми населби во овој дел на земјата, а понатаму и со делови од територијата на соседна Бугарија. Практично, Делчево лежи на еден многу важен крстопат преку кој во напоредннички правец води најкусата врска меѓу долината на реката Вардар од една, и долината на реката Струма од друга страна.

Административно гледано, градот Делчево е седиште на општината Делчево која има уште 21 населено место.

Според пописот во 2002 година во општина Делчево живеат 17.505 жители, од кои кои 11.536 или 66% во општинскиот центар, т.е. градот Делчево. Просечната густина на населеност е 42,5 жители/км², што е под просекот на РМ од 78,8 жители/км². Просечната возраст на населението во општина Делчево изнесува 36, 8 години, а индексот на стареење е 0,414. Според половата структура 49% од вкупното население се жени а 51% мажи. Според националната структура доминантно е македонското население со повеќе од 95,5 %, поголем дел од остатокот е ромско население3,3% и еден помал дел се застапени турците 0,8%, србите 0,2%, албанци 0,05% и останати народи 0,1%. Според образовната структура со ВСС се 746 жители, со ВШС 490, со ССС 5499, со основно образование 4836, без школска подготовка 594 и останатите се сеуште во процесот на образование.

Родова поделеност на општите податоци за населението во Општина Делчево е многу малку присутна, но се надеваме дека со спроведувањето на Локалниот акционен план за родова рамноправност и недискриминација ќе овозможиме и поголема достапност и до вакви податоци.

**Вовед**

„ Владите и другите чинители треба да ја промовираат активната и видливата политика на вклучување на родовата рамноправност во во главните текови, политики и практики во сите политики и програми, така што, пред да се донесат одлуките, да се направи анализа на ефектите врз мажите и жените, респективно„

од Пекиншката платформа за акција, 1995 г.

Локалниот акционен план за родова рамноправност и недискриминација на општина Делчево за 2012 година е документ на кој му претходеше Локалниот акционен план за родова рамноправност 2010-2011. Овој документ е стратешки документ донесен од Советот на општина Делчево, кој ги дефинира целите, проблемите, мерките, активностите , индикаторите, клучните креатори на политиката за унапредување на родовата рамноправност во различните области од животот, одговорните чинители и сите засегнати страни во воспоставувањето на родовата рамноправност и еднаквите можности на жените и мажите во нашата општина.

Целосното овозможување на еднаквите можности за сите граѓани во општина Делчево а вклучување на родовата рамноправност и недискриминацијата во главните текови, политики и практики, ќе овозможат исполнување на целосниот капацитет и потенцијал на секој поединец во сите сфери на опшественииот живот, со што, од друга страна, пак ќе се обезбеди праведно, прогресивно и ефикасно опшество.

**Процес на креирање на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените при Советот на општина Делчево.**

Идејата и потребата за формирање на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените при Советот на општина Делчево произлезе како резултат на соработката на Сојузот на организација на жени од Македонија (СОЖМ) и Одделението за еднакви можности помеѓу мажите и жените при Министерството за труд и социјална политика, со жените од општината. Во 2003 година од страна на Организација на жени од Македонија - огранок Делчево, Здружението на вешти жени - Делчево, Форумот на жени од ЛДП, Локалниот клуб на жени од СДСМ, Унијата на жени од ВМРО-ДПМНЕ од Делчево, жени од ДА, се покрена иницијатива за формирање на Комисијата . Поточно на 21.03.2003 г. на 21 седница на Советот на општина Делчево е донесена Одлука за формирање на Комисија за унапредување на рамноправноста помеѓу половите. Комисијата броеше седум члена од кои 3 члена од Советот и 4 надворешни членови.

Подоцна со конституирањето на новиот Совет на општина Делчево, на 31.08.2005 г. се донесе одлука за формирање на Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените, како постојана комисија при Советот на општина Делчево. Оваа Комисија била формирана само од членови на Советот. Денешната Комисија за еднакви можности е формирана со Одлука на Советот на Општина Делчево бр.07-300/1 од 26.05.2009 година.

**Цели**

Основна цел на документот е да продолжи со напорите за подобрување на статусот на жената и да се обезбеди континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност и подеднаква вклученост на двата пола во сите општественипроцеси и појави а воедно да се обезбеди ефикасна примена на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Секоја демократска локална самоуправа која имакруцијална улога во обезбедувањето на социјална, економска и политичкаправда за сите граѓани во заедницата е должна да им посвети влијание настатусот и на позицијата на родовите односи, со посебен акцент настатусот и на позицијата на жената и да обезбеди ефикасна борба против дискриминацијата.
Визијата на општина Делчево за изработка на Локалниот акционен план за родова рамноправност и недискриминација е:
***Родова рамноправност и еднаква застапеност на половите восите сфери од современото живеење и создавање на општина без дискриминација.***
Мисијата на Општина Делчево за изработка на Локалниот акционен план за родова рамноправност е:
***Иницирање и реализација на активностите за воспоставување нанови и спроведување на постоечките механизми и норми за постигнување на родовата рамноправност и борба против дискриминацијата.***
Изработката на овој документ е во согласност со Националниот планза акција за родова рамноправност. Стратешките области обработени водокументот се:
- Жените и човековите права;
-Жените и здравјето;
- Жените во процесот на одлучување;
-Жените и насилството;

**Партнерство**
Социјалното партнерството претставува здружување на повеќеинституции заради поефикасно остварување на поставените цели наодредена социјална потреба. Институциите и организациите кои третираатодреден проблем (родова рамноправност и недискриминација), влијаат врз неговото решавањеод свој аспект парцијално. На тој начин се постигнува мултисекторсковлијание во функција на остварување на родовата рамноправност и недискриминацијата.За утврдување на состојбата во општината и реализација на планираните активности освен ангажирањето насопствени кадри,Комисијата за

еднакви можностиќе ги вклучи сите расположливиинституции, организации и други институции и вонинституционалниоблици како што се претставниците на цивилното општество и невладини организации.

За квалитетна изработка и имплементација на Локалниот план за родова рамноправност и недискриминација на општина Делчево, Координаторот на КЕМ и Комисијата за еднакви можности најправо обезбедија:

-вклучување на претставниците на цивилното општество и невладини организации;
- идентификување на сите ризични групи од аспект на родовата рамноправност и недискриминацијата;
- увид и располагање на релевантните податоци;
- анализа на податоци и состојби;
- вршење на споредбени анализи;
- идентификување на приоритетните интервенции;
- идентификување на релевантни социјални сили (Институции, НВО, приватен сектор);
- Следење, увид и анализа на постигнатите резултати и реализиранаиактивности од претходната КЕМ.

**Изработка на Локалниот акционен план за родова рамноправност и недискриминација 2012**

Прв чекор во планирањето е согледување на постоечката сосотојба.Без реално точно согледување на состојбите не е можно да се утврдатприоритетите и насоките на делување. Социјалното партнерството еосновен предуслов за квалитетно утврдување на состојбите. Тоаовозможува сеопфатно истражување на состојбите кај секоја целна група,каде секој од социјалните партнери, како засегната страна, дава својпридонес. Секој од партнерите треба да се обврзе да ги следи состојбите идвижењата на оние целни групи со кои работи со што би се обезбедилоповеќе институции взаемно да ги проверуваат и анализираат податоците сокои располагаат.За секој од определените индикатори треба да се соберат податоци,да се обработат и да се даде соодветна анализа на состојбата. Вакватаанализа треба да се спореди со сличните анализи од други земји.Врз основа на анализата се утврдуваат приоритетите, се почнува сопроцесот на планирање на активностите во насока на решавање илиублажување на проблемите. Планирањето на активностите се прави откакоќе се утврдат целите кои сакаме да ги постигнеме. Целите треба да семерливи, реални и остварливи.Секоја активност треба да биде поддржана со соодветна финасоваконструкција и целосна програма која е насочена кон една година при штосе споредува планирано со остварено односно дали се направенипланираните активности, дали се направени во обемот колку што сепланирани, дали се потрошрни толку средства колку се планирани иконечно дали е постигната целта.Доколку дојде до неисполнување на целта, треба да се направианализа зошто целта не е постигната и покрај исполнетите активности коибиле планирани.Во процесот на изработка на локалниот акционен план се вклучени и представници на невладини организации , месни заедници како и други релевантни представници на цивилното општество. Тоа се прави за да се осигура сеопфатноста на планот т.е тој да ги рефлектира потребите на сите засегнати групи во заедницата. Исто така овој план е направен врз принципите на партиципативност и транспарентност во процесот на планирање и изработка, како

основни приниципи на едно демократично општество т.е. начела на делување на Европска Унија. Откако препораките на засегнати страни се прибрани Локалниот акционен план го изготвува Координаторот на КЕМ и Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Делчево, гоусвојува Советот на општина Делчево, а се однесува за период од 1 година.

**Приоритетни области на дејствување**
**Опис на приоритетните проблеми**

**1.ЖЕНИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА**

Проблем: ***Недоволно остварување на основните човекови права на жените и правата од работен одн***ос.
Цел*:* ***Ефективно остварувањена правата на жените***.

Проблемот на неостварување на основните човекови права на жените во Општина Делчево а посебно проблемот на неостварување на правата од работен однос, веќе подолго време е присутен во нашата општина. Проблемот е поприсутен кај жените во руралните средини и жените од ромска националност. Имено постои недоволно познавање на можностите за пристап до информации, документи и материјали за човековите права и начинот на кој истите можат да се остварат. Во истиот контекст е и проблемот од недостаток на човечки ресурси во институциите кои ги третираат човековите права. Посебен проблем е остварувањата на правата од работен однос кој е се поприсутен во приватните конфекции, каде најмногу се вработени жените(минимална плата, загарантиран платен одмор, прекувремена работа, мизерни услови за работа и.т.н). Сето тоа доведе до појава на потребата од преземање на мерки и активности за поголема информираност на жените за можностите кои ги нуди правната легислатива за поефективно остварување на човековите праваи заштита од дискриминација.

**2.ЖЕНИТЕ И ЗДРАВЈЕТО**

Проблем: ***Отсуство на здраствена едукација на граѓаните во општината***
Цел*:* ***Поголема здраствена едукација на граѓаните за унапредување на здравјето и превентивните прграми.***

Во нашата општина не постои анализа на зачестеноста и обемот на заболувања на рак на дојка и воопшто преваленца на канцерогени заболувања на женски репродуктивни органи, најризична годишна група на жените кои ги зафаќа болеста како и статистичките податоци на бројот на пријавени и интервенирани случаи. Врз основа на овие податоци општината би можела да ја увиди потребата за набавување на мамограф , апарат преку потребен за навремено

детектирање на болеста, превентивата на истата а со тоа и подобрување на здраствената заштита на жените посебно тие кои живеат во руралните средини и ромската етничка заедница. Исто така во општината недостасуваат медицинските услугите на доктор специјалист ортопед, што претставува голем предизвик за населението воопшто а посебно за старата популација/жени и бебињата, кои спаѓаат во најчести корисници на овој тип на медицинските услуги. Исто така недостасуваат и основни превентивни прегледи од општ доктор, како што се мерење на шеќер и крвен притисок, во руралните средини. Затоа во 2012 година е предвидено КЕМ да иницира процедура и да обезбеди редовни услуги од овој тип барем еднаш месечно.

**3.ЖЕНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ОДЛУЧУВАЊЕ**

Проблем: ***Недоволно учество на жените во процесите на одлучување во сите сфери на приватниот и јавниот живот.***
Цел: ***Поголемо учество на жените во процесите на одлучување во сите сфери на приватниот и јавниот живот.***

За постигнување на зајакнување на жените и нивно подеднакво учество во сите сфери на јавниот и приватниот живот, од суштинска важност е да се обезбеди и осигура рамноправност на жените во споделувањето на власта и активно учество во креирањето на политиките, одлучувањето на сите нивоа од јавниот и политичкиот живот.Сето тоа во нашата општина е на многу ниско ниво. Тоа се гледа од застапеноста на жените во органите на управување во сите сфери од јавниот живот. Дополнителен проблем е и ниската свест и заинтересираност на жените за учество во креирањето на јавните политики. Исто така постои и недоволно вреднување на жените кандидати за нивно активно вклучување во процесите на одлучување, посебно од страна на политичките партии. Потребно е преземање на мерки и активности за подигање на свеста за потребата од поактивно вклучување на жените во процесите на одлучување и креирањето на јавните политики посебно доколку се имаат во поредвид предстојните локални избори во 2013 година .

**4. ЖЕНИТЕ И НАСИЛСТВОТО**

Проблем: ***Непостоење на јавна свест за постоење на проблемот семејно насилство и негово пријавување.***
Цел: ***Подигање на јавната свест за навремено пријавување на сите видови насилство.***

Во практиката се стретнуваат сите видови на семејно насилство врз жените: сексуално, физичко, психичко и економско. Најдоминантен облик на насилство е психичкото насилство. Но проблем е неговото пријавување а со тоа и преземањето на санкции спрема извршителот. Постојат правни мерки за спречување на насилството, но недоволната

информираност на жените за постоење на истите доведува до ниска свест за пријавување на случаите на семејно насилство. Недоволната доверба кон институциите кои го третираат семејното насилство, дополнително го усложнува пријавувањето на семејното насилство. Според информациите од Центарот за социјална работа во Делчево, кај нас сеуште е на многу ниско ниво свеста за пријавување на семејнот насилство посебно психичкото и сексуалното. Затоа се потребни мерки за подигање на јавната свест кај жените за навремено пријавување на сите видови на насилство

**ЖЕНИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА**

Проблем: ***Недоволно остварување на основните човекови права на жените и правата од работен однос***

Цел: ***Ефективно остварување на правата на жените***

| Подцели | Активности | Времетраење | Индикатори | Ресурси | Носител и вклучени страни | Буџет/Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.**Подигнување на правната писменост со цел унапредување на правната заштита на жената воопшто но со посебен осврт на руралната жена и жена Ромка во случај на повреда на | **1.1**Организирање на две трибини со цел на десиминирање на информации за националните и меѓународните механизми за заштита на правата од работен однос на жената вклучувајќи и правото на жената да поднесува индивидуални преставки | Февруари - Април 2012 | Повисоко ниво на информираност и запознаеност на жените за начините преку кои можат да ги остварат своите права од работен однос<br><br>Број на поднесени преставки | Правни експерти како и претставници на синдикатот | КЕМ , координатор Синдикат, народен правобранител | 6000 ден за правниот експерт, 10 000 ден за транспорт на жените до место на настанот, Општина Делчево, донации |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| нејзините права вклучувајќи ги и правата од работен однос | **1.2** Медиумски гостувања и презентации за Законот за спречување и заштита од дискриминација<br>**1.3** Печатење на информативни брошури | Во текот на целата 2012 година | Број на остварени гостувања и презентации<br><br>Број на испечатени и дистрибуирани брошури | Правни експерти Медиуми и КЕМ<br><br>Правни експерти | КЕМ, координатор<br><br>КЕМ | 7 000 денари Донација<br><br>25 000 денари Донација |

**ЖЕНИТЕ И ЗДРАВЈЕТО**

Проблем: ***Отсуство на здраствена едукација на граѓаните во општината.***

Цел: ***Поголема здраствена едукација на граѓаните за унапредување на здравјето и превентивните програми.***

| Подцели | Активности | Времетраењ е | Индикатори | Ресурси | Носител и вклучени страни | Буџет/Извори на финансирањ е |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1**. Зголемување | **1.1** Медиумски | Во текот на | Број на | Здраствени | КЕМ, | 5 000 денари |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| на информираност а на граѓаните од руралните средини и ромската етничка заедница за превентивните програми за унапредување на здравјето на мажите и жените. | гостувања и презентации<br><br>**1.2**Дисеминација на едукативни информации веќе испечатени матерјали | целата 2012 година<br><br>Март 2012 | оствaренигостувања и презентации<br><br>Број на дистрибуирани печатени материјали | работници Медиуми и КЕМ<br><br>Здраствени работници, | координатор Здраствен дом<br><br>КЕМ Координатор | од буџет на општината<br><br>Донација |
| **2**.Обезбедување на услугите на доктор специјалист по ортопедија на територија на општина Делчево | **2.1**. Изготвување на конкретен акционен план за ова активност во зависност од заклучоците и препораките од состанокот со доктор ортопед<br><br>**2.1** Одржување на прегледи од доктор специјалист ортопед еднаш месечно | Јануари 2012<br><br>Јануари – Декември 2012 | Остварен состанок Изготвен конкретен акционен план за работа.<br><br>Број на извршени прегледи<br><br>Број на прибрани и обработениинформаци и<br><br>Изготвена анализа | Човекови ресурси, компјутери<br><br>Доктор специјалис т ортопед | КЕМ, Здраствен дом, предстаници на министерство за здравство<br><br>КЕМ, кооринатор Здраствен дом | Буџет на Општина Делчево<br><br>82 000 Буџет на општината |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.**Обезбедување на релевантни и информации за зачестеноста и обемот на заболувања на рак на дојка и воопшто преваленца на канцерогени заболувања на женските репродуктивни органи | **3.1**Прибирање и обработка на податоци и информации<br>**3.2**Изготвување на анализа за зачестеноста и обемот на заболувања на рак на дојка | Април-Мај 2012<br><br>Јуни Јули 2012 | Број на извршени прегледи | Човечки и технички ресурси | КЕМ, Координатор, општинска администрација | средства, од редовен буџет на општина |
| **4**.Обезбедување на основни превентивни прегледи за населението во руралните средини(мерење на шеќер и крвен притисок) | **4.1**Обезбедување на услови за вршење на превентивни прегледи | Април и Октомври 2012 | | Медицински лица волонтери и потрошен медицински материјал | Здравен дом КЕМ | 60 000 денари Буџет на општината донации |

**ЖЕНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ОДЛУЧУВАЊЕ**
Проблем : ***Недоволно учество на жените во процесите на одлучување во сите сфери на приватниот и јавниот живот***
Цел : ***Поголемо учество на жените во процесите на одлучување во приватниот и јавниот живот.***

| Подцели | Активности | Времетраење | Индикатори | Ресурси | Носител и вклучени страни | Буџет/Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** Намалување на социјалната исклученост на жените од јавниот и политичкиот живот како последица од финансиската зависност и семејното насилство | **1.1**Одржување на две трибини за презентирање на програмите за самовработување и преквалификација. | Март-Април 2012 | Две одржани трибини | Сали со техника за презентација | КЕМ Координатор, АВРМ | Нема потреба од дополнителни средства од редовен буџет на општината |
| **2.**Зголемување на заинтересираноста на жените за учество во политика и јавниот живот креирањето на јавните политики пред локалните избори 2013 | **2.1**Одржување на работен состанок со сите претставници ан женските форуми од политичките партии со цел на поттикнување на учество и зголемување на вклученоста на жените во политичките партии и раководни функции во политичките партии | Ноември 2012 | Одржан состанок. Записник со заклучоци и препораки објавен на веб страна на општина | Човечки ресурси | КЕМ Координатор, преседателки на женски форум од ПП | Нема потреба од дополнителни средства од редовен буџет на општина |

**ЖЕНИТЕ И НАСИЛСТВОТО**
Проблем: ***Непостоење на јавна свест за постоење на проблемот семејно насилство и негово пријавување.***
Цел: ***Подигање на јавната свест за навремено пријавување на сите видови семејно насилство.***

| Подцели | Активности | Времетраење | Индикатори | Ресурси | Носител и вклучени страни | Буџет/Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.**Организирано делување во борбата против семејното насилство | **1.1**Формирање на Советодавна мулти агенциска група за превенција од семејното насилство | Март 2012 | Формирана Советодавна мулти агенциска група за превенција од семејното насилство | Човечки ресурси | КЕМ | Донација УНДП |
| **1.**Подигнување на јавната свест и одговорност за семејното насилство | **1.1**Континуирана соработка ивклучување на медиумите во подобрување на информираноста на јавноста за алармантноста на проблемот | Во текот на целата 2012 | Број на информативни емисии | Човечки ресурси Медиуми | КЕМ координатор ЦСР, НВО | Нема потреба од дополнителни средства од редовен буџет на општина |
| **2**. Подигање на свеста кај граѓаните, рурални жени и жени Ромки за | **2.1**Спроведување на две трибини со цел на подобра информираност и јакнење на јавната свест и едукација за проблемот на сите | Октомври и Ноември 2012 | Две организирани трибини, | Човечки ресурси Медиуми, сали | КЕМ координатор ЦСР, медиуми | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| навремено пријавување на сите видови семејно насилство, постоечка правна заштита и казнените сакнции | видови насиластво.<br><br>**2.2**Дистрибиција на веке испечатени брошури со извадоци од правната регулатива за заштита на жртвите и казнените санкции за насилниците. | Октомври и Ноември 2012 | Број на пријавени случаи<br><br>Број на дистрибуирани брошури<br>Број на информирани граѓани | Човекови ресурси за организац ија и дистрибуц ија | КЕМ координатор НВО | 12 000 денари (хонорар и патни трошоци заексперти)Оп штина Делчево |

Изработил:
Комисија за еднакви можности
Координатор на КЕМ

Одобрил:
Градоначалник на Општина Делчево

Бр: 07-2392/1

Од 23.11.2011 г.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
Претседател
Николче Трајановски

6.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на свјата 28.редовна седница, одржана на ден 23.11. 2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на Одлуката**
**на УО на ЈПКД „Брегалница“**
**бр.0202-79/2 од 12.03.2011 година**

Член 1

Се дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница“ – Делчево бр.0202-79/2 од 12.03.2011 година за отпочнување на постапка за реализација на Физибилити студија за изградба на мала хидроцентрала на системот за водоснабдување Лошана преку јавно приватно партнерство

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 07-2393/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**23.11. 2011 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

# СОДРЖИНА

1. Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за квартал 3;........................................ 3

2. Одлука за комунален ред на подрачјето на општина Делчево;.......... 3

3. Одлука за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат на универзитети надвор од РМ;........................................ 26

4. Одлука за исплата на парична помош;..........................................27

5. Локален акционен план за родова рамноправност и недискриминација на Општина Делчево за 2012 година;............................................. 29

6. Одлука за давање согласност на Одлуката на УО на ЈПКД „Брегалница" бр.0202-79/2 од 12.03.2011 година................................................. 42